ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и

м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија

ПОВЕРЕНИЦИ: Александра Миовска, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и

Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска за стратешка соработка

Скопје, ноември 2026 година

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска за стратешка соработка

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска за стратешка соработка, составен во Охрид, на 26 мај 2026 година.

Член 2

Договорот од членот 1 од овој закон, во оригинал на македонски, хрватски и англиски јазик, гласи:

ДОГОВОР
МЕЃУ
ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
И
ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ЗА СТРАТЕШКА СОРАБОТКА

Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска (во натамошниот текст заедно означени како „Страни“ и секоја од нив поединечно како „Страна“),

ВО ЖЕЛБА да ги зајакнат односите меѓу двете држави во согласност со начелата на Повелбата на Обединетите нации и нормите утврдени со меѓународното право, да ги зајакнат извонредните билатерални односи меѓу двете земји, да го промовираат претприемништвото и соработката во областите од заеднички интерес и соработка;

ИМАЈЌИ ГИ НА УМ Договорот за пријателски односи и соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска, потпишан во Загреб на 6 јули 1994 година, Договорот меѓу Република Хрватска и Република Македонија за Евроатлантско партнерство, потпишан во Охрид на 31 мај 2013 година, Договорот меѓу Владата на Република Хрватска и Владата на Република Македонија за трговија и стопанска соработка, потпишан во Загреб на 6 јули 1994 година, изменет и дополнет со Договорот меѓу Владата на Република Хрватска и Владата на Република Македонија за изменување и дополнување на Договорот меѓу Владата на Република Хрватска и Република Македонија за трговија и стопанска соработка, потпишан во Скопје на 25 ноември 2013 година, нивната заедничка посветеност кон регионалната безбедност и стабилност која во континуитет ја потврдуваат во рамките на регионалниот формат на соработка САД-Јадранска повелба, воспоставен на 3 мај 2003 година, како и целокупната рамка на билатерални договори меѓу двете земји;

ЗЕМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД партнерската поддршка што Република Хрватска ѝ ја обезбедува на Република Северна Македонија на нејзиниот пат кон членство во Европската Унија, како и фактот дека двете земји се членки на Северноатлантскиот договор (НАТО);

МОТИВИРАНИ од нивната искрена желба овој Договор да обезбеди правна рамка за зајакнување на нивните билатерални односи и унапредување на интересите и благосостојбата на нивните народи,

СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО :

Член 1

1. Страните ја поттикнуваат и унапредуваат соработката меѓу двете земји врз основа на начелата на добрососедски односи, целосно почитување на суверенитетот на двете земји и нивните заеднички интереси, а во согласност со нивните релевантни национални законодавства, меѓународното право и одредбите од овој Договор.

2. Страните особено ја поттикнуваат меѓусебната економска и трговска соработка и партнерства во областите на развој на инфраструктурата, транспортот, енергетиката, производството, информатичката технологија, развојната соработка, сајбер безбедноста, одбраната, како и во внатрешните работи, безбедноста на границите, управувањето со миграцијата, соработката во спроведувањето на законите и други области од интерес врз основа на еднаквост и заемна корист, а во согласност со овој Договор и според условите утврдени во посебните договори, меморандуми за разбирање и протоколи склучени за спроведување на конкретни проекти и програми кои што се предвидени во областите на соработка меѓу Страните.

3. Страните ги охрабруваат и се стремат да ги поддржуваат меѓусебните иницијативи и предлози во рамките на НАТО и други мултилатерални рамки кои се насочени кон промовирање на нивниот интерес поврзан со безбедноста и стабилноста во Западниот Балкан како регион од стратешко значење, а врз основа на нивниот заеднички интерес за зајакнување на демократските капацитети и институции, отпорноста и способностите на тие земји за натамошно унапредување на нивните европски и евроатлантски аспирации.

4. Страните ја развиваат својата соработка во областа на европската интеграција со цел успешна подготовка на Република Северна Македонија за нејзино пристапување кон Европската Унија. Република Хрватска ќе го сподели своето искуство со цел да ѝ помогне на Република Северна Македонија и да ја поддржи во исполнувањето на потребните критериуми за полноправно членство во Европската Унија.

5. Страните ја поттикнуваат соработката меѓу властите, комерцијалните и другите јавни и приватни субјекти од двете земји, како и вклучувањето на граѓаните и организациите на граѓанското општество во таквата соработка, вклучувајќи ја и размената на најдобри практики, обуки и програми за градење капацитети наменети за властите и граѓаните, а во согласност со националните законодавства на Страните.

Член 2

1. Откако заеднички ги разгледаа своите приоритети за економскиот развој и благосостојбата на своите граѓани, Страните се согласија да ја насочат својата соработка кон развој на проекти во стратешки сектори, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на транспортот, енергетиката, производството, информатичката технологија, развојната соработка, електроиндустријата, хемиската, фармацевтската, текстилната и кожарската индустрија, прехранбената индустрија, одбраната, сајбер безбедноста, здравството, образованието, јавната безбедност, цивилната заштита и управувањето со границите. Специфичните проекти во рамките на стратешките сектори се утврдуваат во подоцнежна фаза и нивното можно финансирање се разгледува во тој момент.

2. Врз основа на стратешкото значење на проектите за економскиот развој на двете страни, а со цел да се обезбеди нивна изводливост и успех, двете Страни, во согласност со одредбите од овој Договор, го олеснуваат учеството на нивните инвеститори и деловни субјекти преку поддршка на дијалогот меѓу страните.

3. Заради спроведување на проектите засновани на овој Договор, Владата на Република Северна Македонија, во согласност со своите национални закони и владини постапки, ги презема сите потребни законодавни, управни и институционални мерки, вклучувајќи и донесување закони и подзаконски акти, а со цел да се олесни делотворната и целисходна реализација на проектите.

Член 3

Овој Договор на никаков начин не влијае врз обврските на Република Хрватска како земја-членка на Европската Унија и обврските на Република Северна Македонија што произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји-членки, од една страна, и Република Македонија, од друга страна. Одредбите од овој Договор не смее да се цитираат или толкуваат, ниту целосно ниту делумно, на начин што би ги поништил, изменил или на друг начин влијаел врз обврските на Република Хрватска кои произлегуваат од правото на Европската Унија.

Член 4

Секој спор кој произлегува од толкувањето или примената на овој Договор се решава пријателски преку консултации и преговори меѓу Страните.

Член 5

Одредбите од овој Договор може да се изменат и дополнат преку писмен договор меѓу Страните, а врз основа на нивна заемна согласност. Секоја измена и дополнување на овој Договор влегува во сила во согласност со одредбите од член 6 став 1.

Член 6

1. Овој Договор влегува во сила на триесеттиот (30-тиот) ден од датумот на прием на последното известување со кое Страните меѓусебно се известиле писмено по дипломатски пат за завршувањето на внатрешните правни постапки потребни за влегување во сила на овој Договор.

2. Секоја од Страните може да го раскине овој Договор во секое време, преку испраќање писмено известување за истото до другата Страна по дипломатски пат. Во таков случај, овој Договор престанува да важи по истекот на шест (6) месеци од датумот на прием на таквото известување, освен доколку Страните не се договорат поинаку во писмена форма.

3. Овој Договор останува во сила за почетен период од пет (5) години и автоматски се обновува за последователни периоди од по пет (5) години, освен доколку не се раскине во согласност со став 2 од овој член.

4. Раскинувањето на овој Договор не влијае врз исполнувањето на ангажманите, обврските, проектите, работните програми, договорите и спогодбите кои веќе се започнати во согласност со овој Договор до завршувањето на таквите ангажмани, обврски, проекти, работни програми, договори и спогодби, освен доколку двете Страни не се договорат поинаку по писмен пат.

ВО СВЕДОШТВО НА ОВА, долупотпишаните, прописно овластени од нивните соодветни Влади, го потпишаа овој Договор.

Составено во Охрид на 26 мај 2026 година,во два оригинални примерока од кои секој на македонски, хрватски и англиски јазик, при што сите текстови се сметаат за подеднакво автентични. Во случај на разлики во толкувањето на овој Договор, се уважува текстот на англиски јазик.

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Христијан Мицкоски
претседател на Владата

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Андреј Пленковиќ
претседател на Владата

SPORAZUM

IZMEĐU

VLADE
REPUBLIKE SJEVERNE MAKEDONIJE
I
VLADE
REPUBLIKE HRVATSKE
O STRATEŠKOJ SURADNJI

Vlada Republike Sjeverne Makedonije i Vlada Republike Hrvatske (u daljnjem tekstu zajedno „stranke" i pojedinačno „stranka"),

ŽELEĆI ojačati odnose između dviju država u skladu s načelima Povelje Ujedinjenih naroda i pravilima utvrđenim međunarodnim pravom, dodatno učvrstiti izvrsne dvostrane odnose između dviju zemalja, promicati poduzetništvo i suradnju u područjima od zajedničkog interesa;

IMAJUĆI NA UMU Ugovor o prijateljskim odnosima i suradnji između Republike Makedonije i Republike Hrvatske, potpisan u Zagrebu 6. srpnja 1994., Ugovor između Republike Makedonije i Republike Hrvatske o euroatlantskom partnerstvu, potpisan u Ohridu 31. svibnja 2013., Ugovor između Vlade Republike Makedonije i Vlade Republike Hrvatske o trgovini i gospodarskoj suradnji, potpisan u Zagrebu, 6. srpnja 1994., kako je izmijenjen i dopunjen Ugovorom između Vlade Republike Makedonije i Vlade Republike Hrvatske i o izmjenama i dopunama Ugovora između Vlade Republike Makedonije i Vlade Republike Hrvatske o trgovini i gospodarskoj suradnji, potpisanim u Skopju 25. studenoga 2013., njihovu zajedničku predanost regionalnoj sigurnosti i stabilnosti koja se kontinuirano potvrđuje u okviru regionalnog formata suradnje Američko-jadranske povelje, uspostavljenog 3. svibnja 2003., kao i cjelokupni okvir dvostranih sporazuma između dviju zemalja;

UZIMAJUĆI U OBZIR partnersku podršku koju je Republika Hrvatska pružila Republici Sjevernoj Makedoniji na njezinom putu prema članstvu u Europskoj uniji, kao i činjenicu da su obje zemlje članice Organizacije Sjevernoatlantskog ugovora (NATO);

MOTIVIRANE iskrenom željom da se ovim Sporazumom uspostavi pravni okvir za jačanje dvostranih odnosa i unaprjeđenje interesa i dobrobiti njihovih naroda,

SPORAZUMJELE SU SE KAKO SLIJEDI:

Članak 1.

1. Stranke potiču i promiču suradnju između dviju zemalja na temelju načela dobrosusjedskih odnosa, punog poštovanja suvereniteta obiju zemalja i zajedničkih interesa u skladu s relevantnim nacionalnim zakonodavstvom, međunarodnim pravom i odredbama ovog Sporazuma.

2. Stranke posebno potiču uzajamnu gospodarsku i trgovinsku suradnju i partnerstva u područjima razvoja infrastrukture, prometa, energetike, proizvodnje, informacijske tehnologije, razvojne suradnje, kibernetičke sigurnosti, obrane, kao i u unutarnjim poslovima, sigurnosti granica, upravljanju migracijama, suradnji u provedbi zakona i drugim područjima od interesa na temelju jednakosti i uzajamne koristi, u skladu s ovim Sporazumom i pod uvjetima i odredbama kako je definirano u zasebnim sporazumima, memorandumima o suglasnosti i protokolima sklopljenim za provedbu konkretnih projekata i programa predviđenih u područjima suradnje između stranaka.

3. Stranke potiču i nastoje podržavati međusobne inicijative i prijedloge unutar NATO-a i drugih multilateralnih okvira, usmjerene na promicanje njihovih interesa vezanih uz sigurnost i stabilnost na zapadnom Balkanu, kao regiji od strateške važnosti, na temelju zajedničkog interesa za jačanje demokratskih kapaciteta i institucija, otpornosti i sposobnosti tih zemalja za daljnje unaprjeđenje njihovih europskih i euroatlantskih težnji.

4. Stranke razvijaju suradnju u području europskih integracija s ciljem uspješne pripreme Republike Sjeverne Makedonije za njezino pristupanje Europskoj uniji. Republika Hrvatska će podijeliti svoja iskustva kako bi pomogla i podržala Republiku Sjevernu Makedoniju u ispunjavanju potrebnih kriterija za punopravno članstvo u Europskoj uniji.

5. Stranke potiču suradnju između vlasti, komercijalnih i drugih javnih i privatnih subjekata obiju zemalja, kao i uključivanje građana i organizacija civilnog društva, uključujući razmjenu primjera najbolje prakse, programe osposobljavanja i izgradnje kapaciteta za vlasti i građane, u skladu s nacionalnim zakonodavstvom stranaka.

Članak 2.

1. Nakon što su zajednički razmotrile svoje prioritete za gospodarski razvoj i dobrobit svojih građana, stranke su suglasne usmjeriti svoju suradnju prema razvoju projekata u strateškim sektorima, uključujući, ali ne ograničavajući se na promet, energetiku, proizvodnju, informacijsku tehnologiju, razvojnu suradnju, elektroindustriju, kemijsku, farmaceutsku, tekstilnu i kožnu industriju, prehrambenu industriju, obranu, kibernetičku sigurnost, zdravstvo, obrazovanje, javnu sigurnost, civilnu zaštitu i upravljanje granicama. Specifični projekti unutar strateških sektora definiraju se u kasnijoj fazi te se njihovo potencijalno financiranje razmatra tada.

2. Na temelju strateškog značaja projekata za gospodarski razvoj obiju stranaka, te s ciljem osiguranja njihove izvedivosti i uspjeha, obje stranke, u skladu s odredbama ovog Sporazuma, olakšavaju sudjelovanje svojih investitora i gospodarskih subjekata kroz podršku dijalogu između stranaka.

3. Radi provedbe projekata na temelju ovog Sporazuma, Vlada Republike Sjeverne Makedonije, u skladu sa svojim nacionalnim zakonima i vladinim postupcima, poduzima sve potrebne zakonodavne, administrativne i institucionalne mjere, uključujući donošenje zakona i podzakonskih akata, kako bi se olakšala učinkovita i djelotvorna provedba projekata.

Članak 3.

Ovaj Sporazum ni na koji način ne utječe na obveze Republike Hrvatske kao države članice Europske unije i obveze Republike Sjeverne Makedonije koje proizlaze iz Sporazuma o stabilizaciji i pridruživanju između Europskih zajednica i njihovih država članica, s jedne strane, i Republike Makedonije, s druge strane. Odredbe ovog Sporazuma ne smiju se citirati niti tumačiti, ni u cijelosti ni djelomično, na način koji bi poništio, izmijenio ili na drugi način utjecao na obveze Republike Hrvatske koje proizlaze iz prava Europske unije.

Članak 4.

Svaki spor koji proizlazi iz tumačenja ili primjene ovog Sporazuma rješava se prijateljski putem konzultacija i pregovora između stranaka.

Članak 5.

Odredbe ovog Sporazuma mogu se izmijeniti i dopuniti pisanim sporazumom između stranaka, na temelju uzajamnog pristanka. Svaka izmjena i dopuna ovog Sporazuma stupa na snagu u skladu s odredbama članka 6. stavka 1.

Članak 6.

1. Ovaj Sporazum stupa na snagu tridesetog (30.) dana nakon datuma primitka posljednje pisane obavijesti kojom stranke obavješćuju jedna drugu, diplomatskim putem, o okončanju unutarnjih pravnih postupaka potrebnih za stupanje na snagu ovog Sporazuma.

2. Svaka stranka može okončati ovaj Sporazum u svako doba dostavljanjem pisane obavijesti drugoj stranci diplomatskim putem. U tom slučaju ovaj Sporazum prestaje biti na snazi nakon isteka šest (6) mjeseci od datuma primitka takve obavijesti, osim ako se stranke pisano ne dogovore drukčije.

3. Ovaj Sporazum ostaje na snazi na početno razdoblje od pet (5) godina i automatski se obnavlja za sljedeća razdoblja od pet (5) godina, osim ako se ne okonča u skladu sa stavkom 2. ovog članka.


4. Prestanak ovog Sporazuma ne utječe na ispunjavanje dogovora, obveza, projekata, radnih programa, ugovora i sporazuma započetih na temelju ovog Sporazuma, do okončanja tih dogovora, obveza, projekata, radnih programa, ugovora i sporazuma, osim ako se obje stranke pisano ne dogovore drukčije.

U POTVRDU TOGA, niže potpisani, propisno ovlašteni od svojih odnosnih Vlada, potpisali su ovaj Sporazum.

Sastavljeno u Ohridu dana 26. svibnja 2026. u dva izvornika na makedonskom, hrvatskom i engleskom jeziku, pri čemu su svi tekstovi jednako vjerodostojni. U slučaju razlika u tumačenju Sporazuma, mjerodavan je engleski tekst.

ZA VLADU
REPUBLIKE SJEVERNE MAKEDONIJE

Hristijan Mickoski
predsjednik Vlade



ZA VLADU
REPUBLIKE HRVATSKE

Andrej Plenković
predsjednik Vlade



AGREEMENT
BETWEEN
THE GOVERNMENT OF
THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
AND
THE GOVERNMENT OF
THE REPUBLIC OF CROATIA
ON STRATEGIC COOPERATION

The Government of the Republic of North Macedonia and Government of the Republic of Croatia and the (collectively referred to as "the Parties" and each as "a Party"),

DESIRING to strengthen relations between the two nations in accordance with the principles of the Charter of the United Nations and the norms as established by international law, to enhance the distinguished bilateral relations between the two countries, to promote entrepreneurship and collaboration in fields of common interest and cooperation;

HAVING IN MIND the Agreement on Friendly Relations and Cooperation between the Republic of Macedonia and the Republic of Croatia, signed at Zagreb on 6 July 1994, the Agreement between the Republic of Macedonia and the Republic of Croatia on Euroatlantic Partnership, signed at Ohrid on 31 May 2013, the Agreement between the Government of the Republic of Macedonia and the Government of the Republic of Croatia on Trade and Economic Cooperation, signed at Zagreb on 6 July 1994, as amended by the Agreement between the Government of the Republic of Macedonia and the Government of Republic of Croatia Amending the Agreement between the Government of the Republic of Macedonia and the Republic of Croatia on Trade and Economic Cooperation, signed at Skopje on 25 November 2013, their shared joint commitment to the regional security and stability continuously reaffirmed within regional format of cooperation the US-Adriatic Charter, established on 3 May 2003, as well as the overall bilateral agreement framework between the two countries;

HAVING REGARD to the partnership support extended by the Republic of Croatia to the Republic of North Macedonia on its path towards European Union membership, as well as to the fact that both countries are members of the North Atlantic Treaty Organization (NATO);

MOTIVATED by the sincere desire to establish by this Agreement a legal framework for strengthening bilateral relations and advancing the interests and well-being of their peoples,

HAVE AGREED AS FOLLOWS:

Article 1

1. The Parties shall encourage and promote cooperation between the two countries based on the principles of good neighborly relations, full respect of sovereignty of both countries, and common interests in accordance with relevant national legislations, international law and the provisions of this Agreement.

2. The Parties shall especially encourage mutual economic and trade cooperation and partnerships in the fields of infrastructure development, transport, energy, manufacture, information technology, development cooperation, cyber security, defence as well as in internal affairs, border security, migration management, law enforcement cooperation and other areas of interest on the basis of equality and mutual benefits, in accordance with this Agreement and under the terms and conditions as defined in separate agreements, memorandums of understanding and protocols concluded for the implementation of concrete projects and programs foreseen in the fields of the cooperation between the Parties.

3. The Parties shall encourage and strive to support each other's initiatives and proposals within NATO and other multilateral frameworks, aimed at promoting their interest related to the security and stability in the Western Balkans, as a region of strategic importance, based on their shared interest in strengthening democratic capacities and institutions, resilience and capabilities of these countries to further advance their European and Euro-Atlantic aspirations.

4. The Parties shall develop their cooperation in the field of European integration aimed at successful preparation of the Republic of North Macedonia for its accession to the European Union. The Republic of Croatia will share its experience in order to assist and support the Republic of North Macedonia in fulfilling the necessary criteria for fully fledged membership in the European Union.

5. The Parties shall encourage cooperation between authorities, commercial and other public and private entities of both countries, as well as inclusion of citizens and civil society organizations including exchange of best practices, training, and capacity-building programs for authorities and citizens, in accordance with the national legislation of the Parties.

Article 2

1. Having jointly considered their priorities for economic development and the welfare of their citizens, the Parties have agreed to focus their cooperation on the development of projects in strategic sectors including but not limited to transport, energy, manufacture, information technology, development cooperation, electrical industry, chemical, pharmaceutical, textile and leather industry, food industry, defence, cyber security, health, education, public security, civil protection and border management. The specific projects within the strategic sectors shall be defined at a later stage and their potential financing shall be considered at that time.

2. Based on the strategic significance of the projects for the economic development of both Parties, and with a view to ensuring their feasibility and success, both Parties shall, in accordance with the provisions of this Agreement, facilitate the participation of their investors and business entities through the support of dialogue between the Parties.

3. For the purpose of the implementation of projects under this Agreement, the Government of the Republic of North Macedonia, in accordance with its national laws and governmental procedures, shall take all necessary legislative, administrative and institutional measures, including enacting laws and bylaws, to facilitate the efficient and effective execution of the projects.

Article 3

This Agreement shall in no way affect the obligations of the Republic of Croatia as a Member State of the European Union and the obligations of the Republic of North Macedonia arising from the Stabilization and Association Agreement between the European Communities and their Member States, of the one part, and the Republic of Macedonia, of the other part. The provisions of this Agreement shall not be quoted or interpreted, neither in whole nor in part in such a way as to invalidate, amend or otherwise affect the obligations of the Republic of Croatia arising from European Union law.

Article 4

Any dispute that may arise from the interpretation or the application of this Agreement shall be settled amicably through consultations and negotiations between the Parties.

Article 5

The provisions of this Agreement may be amended by written agreement between the Parties, based on mutual consent. Any amendment to this Agreement shall enter into force in accordance with the provisions of Article 6 paragraph 1.

Article 6

1. This Agreement shall enter into force on the thirtieth (30th) day following the date of receipt of the last notification by which the Parties have notified each other in writing, through diplomatic channels, of the completion of the internal legal procedures required for the entry into force of this Agreement.

2. Each Party may terminate this Agreement at any time, by sending written notification to the other Party, through diplomatic channels. In such a case this Agreement shall cease to be in force after the expiry of six (6) months from the date of receipt of such a notification, unless otherwise agreed by the Parties in writing.

3. This Agreement shall remain into force for an initial period of five (5) years and shall be automatically renewed for successive periods of five (5) years, unless terminated in accordance with paragraph 2 of this Article.


4. Termination of this Agreement shall not affect fulfilment of engagements, commitments, projects, work programs, contracts and agreements already initiated under this Agreement until the completion of such engagements, commitments, projects, work programs, contracts and agreements, unless otherwise agreed upon in writing by both Parties.

IN WITNESS WHEREOF the undersigned, being duly authorized by their respective Governments, have signed this Agreement.

Done at Ohrid on 26 May 2026, in two originals in the Macedonian, Croatian and English languages, all texts being equally authentic. In case of differences in the interpretation of the Agreement, the English text shall prevail.

FOR THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Hristijan Mickoski
Prime Minister



FOR THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF CROATIA

Andrej Plenković
Prime Minister



Член 3

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Договорот од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

А. Уставна основа за донесување на законот

Уставната основа за донесување на законот што се предлага е содржана во член 68 став 1 алинеја 6 од Уставот на Република Северна Македонија според кој, Собранието на Република Северна Македонија со закон ги ратификува меѓународните договори на Република Северна Македонија.

Б. Причини поради кои се предлага ратификацијата

Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска за стратешка соработка, е потпишан во Охрид, на 26 мај 2026 година.

По направена сеопфатна анализа на тековната состојба на билатералните односи и евалуацијата на нивната динамика во изминатиов период заемно се констатираше потребата од консолидација и натамошен подинамичен развој на истите во насока на стратешка соработка. Иницијативата за потпишување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска за стратешка соработка е предложена од страна на Република Северна Македонија, при што текстот беше усогласен по дипломатски пат, а беа побарани мислења од: Министерство за транспорт, Министерство за внатрешни работи, Министерство за образование и наука, Министерство за економија и труд, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за одбрана, Министерство за европски прашања и Секретаријатот за законодавство. Основот, како и потребата за операционализација на стратешко партнерство се содржани во самиот темелен документ - „Договор за пријателски односи и соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска“, потпишан од претседателите на владите на двете земји, во Загреб, на 06 јули 1994 година.

Со потпишувањето на овој Договор, се поттикнуваа и унапредува билатералната соработка врз основа на принципите на добрососедски односи, целосното почитување на суверенитетот на двете земји, интересите на граѓаните и заедничките интереси во согласност со релевантните национални законодавства и меѓународното право. Во тој контекст, Северна Македонија и Хрватска особено ќе ја поттикнуваат меѓусебната економска и трговска соработка и партнерствата во областите на развој на инфраструктурата, транспортот, енергетиката, производството, информатичката технологија, развојната соработка, сајбер безбедноста, одбраната, како и во внатрешните работи, граничната безбедност, управувањето со миграцијата, соработката во спроведувањето на законите и

други области од заемен интерес, врз основа на принципот на рамноправност и заемен бенефит, како во согласност со овој Договор, така и под условите дефинирани во посебните договори, меморандуми за разбирање и протоколи склучени за спроведување на конкретни проекти и програми предвидени во областите на соработка. Дополнително, Република Северна Македонија и Република Хрватска, со потпишувањето на овој Договор, ќе ги охрабруваат и ќе се стремат да ги поддржуваат меѓусебните иницијативи и предлози во рамките на НАТО и други мултилатерални рамки, насочени кон промовирање на нивниот интерес поврзан со безбедноста и стабилноста во Западен Балкан, како регион од стратешко значење, врз основа на нивниот заеднички интерес за зајакнување на демократските капацитети и институции, отпорноста и способностите на овие земји за понатамошно унапредување на нивните европски и евроатлантски аспирации. Мошне важен аспект кој произлегува од одредбите на овој Договор е дека двете страни ќе ја развиваат својата соработка во областа на европската интеграција насочена кон успешна подготовка на Република Северна Македонија за нејзиното пристапување кон Европската Унија. Предвидено е Република Хрватска да го сподели своето искуство со цел да ѝ помогне и да ја поддржи нашата земја во исполнувањето на потребните критериуми за полноправно членство во Европската Унија. Со одредбите на овој Договор е предвидено и двете страни да ја поттикнуваат соработката меѓу државните, комерцијалните и другите јавни и приватни субјекти на двете земји, како и вклучувањето на граѓаните и организациите на граѓанското општество, вклучително и размена на најдобри практики, обуки и програми за градење капацитети за државата и граѓаните, во согласност со националното законодавство.

В. Оцена за тоа дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките закони

Договорот кој се предлага да се ратификува не бара донесување на нови или измена на важечките закони.

Г. Оцена за потребата од ангажирање финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за спроведување на меѓународниот договор

Спроведувањето на споменатиот Договор нема да предизвика потреба за дополнителни средства во Буџетот на Република Северна Македонија.